## Да се активираме!!!

Да се приклучиме на Национална кампања за заштита на шумите од пожари и да ја подигнеме јавната свест за пријавување на шумски пожари;

## Пријавете пожар:

1.Во најблиската полициска станица на бесплатниот телефонски број 192,

2.Во најблиската ТППЕ на бесплатниот телефонски број 193,

3.Во Центарот за управување со кризи на бесплатниот телефонски број 195,

Известете ја Граничната полиција на Република Македонија за забележан пожар во близина на државната граница и за пожари на територијата на Р. Бугарија на телефонскиот број

# 071/238–412

## Проектот се реализира од страна на:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОЛИЦИЈА POLICE

## во соработка со:

ДЕЛЧЕВО

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe **Mission to Skopje**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




# КАМПАЊА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ПОЖАРИ



## ДА БИДЕМЕ ЕФИКАСНИ СО ПОЖАРИТЕ

## ДА ОБЕЗБЕДИМЕ СЕЗОНА БЕЗ ПОЖАРИ



- **Шумските пожари и последиците од нив**

Шумски пожари се јавуваат скоро секој ден, а македонските пожарникари мака мачат да се справат со нив.

Во гаснењето на пожарите освен локалните територијални противпожарни единици, се вклучуваат и хеликоптери од АРМ, авионите на Дирекцијата за заштита и спасување, локални комунални и други претпријатија, како и голем број на граѓани.

Она што најмногу загрижува во овие случаи е едногласноста дека скоро сите овие пожари се предизвикани од човекот – што од невнимание (фрлено догорче), што од негрижа (палење на стрништа), што од нечии болни намери за лична корист.

Голем дел од населението не ги сфаќа целосно последиците и негативното влијание што шумските пожари може да го имаат врз нивните животи. За жал, голем дел и не ги ни интересира за последиците. Сите овие појави се соодветно казниви според Кривичниот законик, Закон за Шуми и Законот за ловство.

- **Последици врз околината**

-Кога се уништува шумата се намалува производството на кислород и апсорпцијата на јаглерод диоксид од дрвата.

Дополнително, за време на пожарот се ослободуваат огромни количини на $CO_2$. Зголемување на $CO_2$ значи зголемување на глобалното затоплување;

-Почвата и лисјата во шумите апсорбираат до 50% од дождовите. После пожар, водата нема како да биде задржана па настануваат поплави;

-Почвата не е повеќе заштитена од дождот, па се појавува ерозија;-Подземните води и изворите не се обновуваат повеќе со свежа вода па се намалува нивниот капацитет, како и квалитетот на водата за пиење;

-Кога една шума постојано претрпува пожари таа станува неплодна и каменеста;-Се намалува животниот простор на дивите животни, со што се намалува и нивниот број;

-Во просек обновата на изгорениот шумски појас трае и до 50 години;

-Водите во околината се загадени од огромните количини на пепел што се разнесува после пожарот, што директно влијае на рибите и растенијата;

-Се зголемува интензитетот на ветровите, се менува микроклимата. На пример, после големите пожари што во 2007 г. ја зафатија околината на Битола во кои изгореа околу 6000 хектари борова шума, летата во Битола станаа значително потопли. После неодамнешното опожарување на дел од националниот парк Пелистер, се очекува тоа да биде уште позабележително;

-Се уништуваат шумски производи, како дрво за граѓа, шумски плодови и природни лекови;

-Се отвора простор за населување на штетници нетипични за дадениот регион, кои дополнително може да ја уништат шумата.

- **Социо-економски последици**

-За време на пожар се уништуваат плодна земја, посеви и фарми;

-Се уништуваат инфраструктурни објекти како телекомуникациски мрежи, пруги, градби, далноводи…

-Заради ерозивноста на земјиштето после пожар, настануваат поплави кои прават огромни штети по полињата и населените места;

-Последиците во земјоделството предизвикуваат невработеност, тоа доведува до миграција на населението во урбаните средини, оставајќи ги опожарените подрачја пусти;

-Шумските пожари го намалуваат обемот на туризам во околината;

-Има тешки последици по здравјето на луѓето, не само за време на пожарот, туку и после, заради огромните количини на ослободен $CO_2$;

-Пожарот може да има и психолошки последици врз погоденото население заради загуба на имот;

-Намалување на дрвни материјали за индустријата, сè додека не се обнови шумата;

-Економијата е оптоварена со огромните трошоци за гаснење на пожарите и обновување на шумата.



Мотив од Голак